РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

12-326/3
04-08-2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 50-та седница одржана на 22.07.2021 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-2735/1 од 16.05.2019 година оформен по пријава поднесена од познат подносител.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2735/1 од 16.05.2019 година, бидејќи наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2735/1 од 16.05.2019 година е оформен врз основа на доставена пријава од познат подносител.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за незаконитости во постапувањето на општински инспектор за животна средина во Општина ---------- кој наводно вршел притисок на вработени во ова општина да донесуваат решенија спротивно на закон и за блокирање на предметите доколку не се работи на нивен член на партијата ------------ или близок до Градоначалникот. Воедно во пријавата се бара да се преиспита неговата имотна состојба, дали ја злоупотребил својата функција за да се стекне со толкав имот неговото семејство.

На 08.10.2019 година пријавата е дополнета со скенирани прилози како наводни докази за селективни решенија за злоупотреба на службената должност од овластениот инспектор ----------. Наводно тој и советничка на -------------- работат само за свои лични интереси и за партиски симпатизери. Во дополнување на пријавата наведува дека откако се дознало дека поднела пријава до ДКСК, пријавителот бил малтретиран со донесување на решенија кои се надвор од надлежноста на посочениот инспектор. Како пример напоменува решението за остранување на наводно хаварисано возило, кое како што наведува пријавителот е во возна сосотојба но не било регистрирано, а таблиците се извадени од пријавителот наводно за да не бидаат злоупотребени и украдени.

Од прилозите доставени во прилог на пријавата, подносителот посочува пример за наводно селективно постапување на општината. Имено блиско лице на посочен член на Советот кој во овој случај е и барател за надлежно постапување на општинските служби за отстранување на бесправно изградена бетонска дворна ограда изградена од пријавителот и сам во 2012 година изградил бесправно дворна ограда за која добил решение за отстранување на градбата, но во овој случај наводно не е постапено.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет, на 15.01.2020 година е доставено барање до Градоначалникот на Општина ------------, за да достави целосна информација во врска со постапувањето на овластените службени лица од општината во предметот кој е оформен по Барањето во овој случај на подносителот на пријавата до ДКСК.

Бидејќи не се доставени на време сите побарани информации и податоци на ден 21.01.2021 година е повторно доставено барањето - Ургенција до Градоначалникот на Општина -------------.

На ден 08.02.2021 година до ДКСК од страна на Градоначалникот е доставен одговор по барање со списи во прилог, од каде се констатира следна фактичка сосотојба.

Подносителот на пријавата на ден 12.03.2018 година поднел барање до Општина --------- за поставување на ограда, а Градоначалникот на општината на 23.03.2018 година донел заклучок за прекин на постапката заради некомплетна документација.

На ден 30.03.2018 година дополнително се доставени потребните документи и на 18.04.2018 година Градоначалникот донел решение со кое е одобрено барањето на инвеститорот за изведување на ограда на КП 9/3 КО -----------, Општина -----------.

На 18.04.2018 година Градоначалникот донел решение за поништување на издаденото решение за изградба на оградата, со образложение дека од дадени претставки и жалби од група граѓани и пријава од ЈКП ------ во текот на постапката не се обезбедени информации за подземните инсталации од страна на проектантската фирма на градбата, не се обезбедени согласности од сопствениците на соседните парцели и дека градбата е отпочната на сопствен ризик пред одобрението за градење да стане правосилно.

На 20.06.2018 година барателот за градење односно подносителот на ова пријава доставил жалба против решението за поништување на решението за изградба до надлежен орган на државната управа за вршење на работите од областа на уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски, кое на 14.08.2018 година донел решение за уважување на жалбата со враќање на предметот на повторна постапка пред првостепениот орган, поради тоа што со препраќање на жалба од страна на општината не се доставени и докази кои се наведуваат како причина за поништувањето на решението за градење.

На ден 08.05.2019 година физичко лице во својство на засегнат граѓанин кој увидел повреда на член 167 став 1 од Законот за водите во име на повеќе домаќинства жители на иста улица барал постапување на општината за отстранување на бетонската ограда, изградена над главен вод од водоводната мрежа, без оглед на изјавата на инвеститорот до ЈКП "Водовод" дека во случај на дефект нема да има попречување од нејзина страна во санирање на дефектот.

На 09.05.2019 година овластени градежни инспектори при Општина --------- извршиле вонреден инспекциски надзор и утврдиле дека и покрај поништувањето на решението за градба од страна на подносителот на ова пријава е изградена бетонската ограда и тоа по периметарот на границата помеѓу парцелата која е во сопственост на инвеститорот и парцелата во сопсвенсот на тројца физички лица на по 1/3 идеален дел под која се наоѓа цевка од водоводната линија со која стопанисува ЈКП Водовод.

Истиот ден, 09.05.2019 година овластените градежни иснпакетори донеле решение за отстранување на градбата.

Во одговорот од Општина ---------- е приложена и доставници од 14.05.2019 година со кои се потврдува дека до инвеститорот -------------- е доставено решението за отстранување на градбата, додека до претставникот на групата граѓани кои бараат отстранување од Општина ---------- е доставено одговор со појаснување дека ако имаат нарушување на мирно владение од страна на инвеститотрот, да го пријаваат случајот до надлежен суд.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

На 23.05.2019 година групата граѓани кои покажале интерес за отстранување на градбата – бетонска ограда се обратиле до Општина ----------, со наводи дека инспекцискиот надзор е извршен нетранспаретно бидејќи никој не е повикан да биде присутен.

На 28.05.22019 година е извршен контролен инспекциски надзор при што е констатирано дека градбата не е отстранета од инвеститорот, но и не е приложена жалба против доставеното решение за отстранување.

На 06.06.2019 година е донесен Заклучок за дозвола за извршување на решението кое станало извршно, за кој е приложена копија од доставница со која се потврдува дека заклучокот е доставен до инвеститорот на 10.06.2019 година.

На 10.06.2019 година инвеститорот итно барал од Општината да му се достави записник за констатација во кое се изјаснува дека решението за одстранување не му било доставено лично на рака.Наредниот ден Општината реагирала со одговор дека имало обди да му се достави лично но поради неприсуство морале документите да ги доставаат по пошта.

На 13.06.2019 година инвеститорот преку Општина ----------- против решението за отстранување на градба и заклучокот за извршување приложила жалба до Државната комисија за одлучување во втор стеепен во област на инспекциски надзор и прекршочна постапка, кој е доставена од страна на оптштината со сите списи во прилог на ден 17.06.2019 година.

На ден 17.10.2019 година Државната комисија за одлучување во втор степен во област на инспекциски надзор и прекршочна постапка, донела решение со кое на инвеститорот жалбата изјавена против заклучокот на овластениот градежен инспектор му се одбива како неоснована и решение со кое на инвеститорот жалбата изјавена против решението на овластениот градежен инспектор за отстранување на градбата му се отфрла како ненавремена.

Од сето горенаведено може да се заклучи дека:

- Наводите дека општински инспектор за животна средина во Општина -------- вршел притисок на вработени во ова општина да донесуваат решенија спротивно на закон и за блокирање на предметите доколку не се работни на нивен член на партијата --------- или близок до Градоначалникот не се потврдени,
- наводите по однос на посочениот инспектор влијаел за вработување на неговата сопруга во Општина --------- и дали истата е соодветно вработена во тој сектор, не се третирани во овој случај бидејќи вработувањата во јавниот сектор се обработени во многу други случаи и се веќе констатирани слабостите и дадени се соодветни укажувања и препораки,
- Барањето да се преиспита имотна состојба на посочениот инспектор не е опфатена со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи инспекторите не се избрани и именувани лица,
- Наводите дека посочениот инспектор и посочениот член на советот на ова општина од политичката партија ------------ работат само за свои лични интереси и за партиски симпатизери, не се потврдени,
- Наводите дека пријавителот е малтретиран со донесување на решенија кои се надвор од надлежноста на посочениот инспектор, каде како пример се напоменува решението за остранување на наводно хаварисано возило, кое како што наведува пријавителот е во возна состојба но не било регистрирано а таблиците се извадени од пријавителот за да не бидат злоупотребени и украдени, не е противзаконско бидејќи спаѓа во надлежностите на инспекторот за животна средина
- Наводите дека пријавителот изградил бетонската ограда спротивно закон и без да се обезбедени согласности од сопствениците на соседните парцели и дека градбата е отпочната на сопствен ризик пред одобрението за градење да стане правосилно се потврдени, па оттаму ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk